**20211272064**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 53 од Законот за рамномерен регионален развој (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.24/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 јуни 2021 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ ЗА РАЗВОЈ НА УРБАНИТЕ ПОДРАЧЈА ВО 2021 ГОДИНА СО ИНДИКАТИВНО ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА ЗА 2022 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се доделуваат средства за финансирање на проекти за развој на урбаните подрачја во 2021 година со индикативно планирани средства за 2022 година во вкупен износ од 122.863.522 денари, наведени во Листата на проекти за развој на урбаните подрачја за финансирање во 2021 година и индикативно за 2022 година, која е дадена во Прилог и е составен дел на оваа одлука.

Член 2

Средствата од член 1 од оваа одлука, во износ од 53.055.000 денари се утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија во 2021 година, раздел 280.01 потпрограма ОА Рамномерен регионален развој, а индикативно средствата во износ од 69.808.522 денари се планирани во Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година.

Член 3

Доколку Министерството за локална самоуправа утврди ненаменско трошење на средствата кои ќе бидат распределени, општините корисници на средствата согласно оваа одлука истите треба во целост да ги вратат во Буџетот на Република Северна Македонија.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-6145/1
8 јуни 2021 година
Скопје

Прв заменик на Претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Artan Grubi,** с.р.

Прилог

Проекти за развој на урбаните подрачја за финансирање
во 2021 година со индикативно планирани средства за 2022 година

| СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН = 8.991.000 денари | | | |
|---|---|---|---|
| Реден број | Име на проектот | Општина | Одобрени средства во денари |
| 1 | Реконструкција и подобрување на улица Џаџи ,,Јован Шишко'' | Шуто Оризари | 5.991.000 |
| 2 | Изградба на локален пат за с.Крушопек-општина Сарај | Сарај | 3.000.000 |

| ЈУГОИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН= 13.861.125 денари | | | |
|---|---|---|---|
| Реден број | Име на проектот | Општини корисник на проектот | Одобрени средства во денари |
| 1 | Реконструкција на локален пат Л603 од село Стојаково до село Ѓавато, општина Богданци, фаза од км0+000 до км1+010 | Општина Богданци | 13.861.125 |

| ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН 14.110.875 денари | | | |
|---|---|---|---|
| Реден број | Име на проектот | Општина корисник на проектот | Одобрени средства во денари |
| 1 | Енергетска ефикасност пристапни и безбедни јавни површини за сите | Општина Виница | 900.000 |
| 2 | Реконструкција на улица ,,Роза Петрова'' од крстосување со улица ,,Ристо Симеонов'' до спој со улица Страшно Ербанче | Општина Кочани | 6.447.858 |
| 3 | Електрична инсталација за осветлување на ул. ,,Борис Кидриќ'' Берово | Општина Берово | 763.017 |
| 4 | Набавка на возило за противпожарна заштита | Општина Пробиштип | 6.000.000 |

| ПЕЛАГОНИСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН = 14.860.125денари | | | |
|---|---|---|---|
| Реден број | Име на проектот | Општина Корисник на проектот | Одобрени средства во денари |
| 1 | Доизградба на краци од градска фекална канализациона мрежа во град Демир Хисар(профил бр.1, 2 и број 2.1) | Општина Демир Хисар | 1.858.143 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2 | Изработна на резервоар за вода за пиење во н.м. Пресил, општина Крушево | Општина Крушево | 2.391.760 |
| 3 | Подобрување на условите за живеење во Демир Хисар, општина Демир Хисар преку реконструкција на улица | Општина Демир Хисар | 4.610.222 |
| 4 | Подобрено одржување на јавно прометните површини во град Прилеп | Општина Прилеп | 6.000.000 |

| ПОЛОШКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН =16.483.500 денари | | | |
|---|---|---|---|
| Реден број | Име на проектот | Општина корисник на проектот | Одобрени средства во денари |
| 1 | Реконструкција и изградба на улица во село Сараќино | Општина Тетово | 16.483.500 |

| ЈУГОЗАПАДЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН 16.600.910 денари | | | |
|---|---|---|---|
| Реден број | Име на проектот | Општина корисник на проектот | Одобрени средства во денари |
| 1 | Набавка на возило(трактор) и опрема за подобрување на работата на ЈКП Комунална Хигиена во Македонски Брод | Општина Македонски Брод | 1.709.700 |
| 2 | Реконструкција и проширување на локален пат од село Стрлци до село Шутово | Општина Кичево | 8.641.210 |
| 3 | Техничка документација за замена на азбест-цементна водоводна мрежа за град Струга | Општина Струга | 750.000 |
| 4 | Реконструкција на спортско игралиште во рекреативен парк во Кичево | Општина Кичево | 5.500.000 |

| ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН = 18.356.625 ДЕНАРИ | | | |
|---|---|---|---|
| Реден број | Име на проектот | Општина каде се реализира проектот | Одобрени средства во денари |
| 1 | Изградба на мост преку река ,,Мавровица" на ул. 112 КО Свети Николе | Општина Свети Николе | 3.850.135 |
| 2 | Поставување на фотонапонски панели на 10 јавни општински објекти со вкупна инсталирана моќ 19,2 KWчасови | Општина Кавадарци | 4.240.386 |
| 3 | Нова инфраструктура за економски развој- урбана единица VII, блок 42 месност Касарна Велес | Општина Велес | 3.335.613 |
| 4. | Изградба / реконструкција на улица ,,бр.3" Демир Капија | Општина Демир Капија | 5.817.782 |
| 5. | Изработка на атмосферска канализација на улица ,,Бр. 3", Демир Капија | Општина Демир Капија | 1.112.709 |

,

| СЕВЕРОИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН = 21.599.062 денари | | | |
|---|---|---|---|
| Реден број | Име на проектот | Општини каде се реализира проектот | Одобрени средства во денари |
| 1 | Внатрешно уредување на спортска сала во Куманово | Општина Куманово | 11.764.102 |
| 2 | Санација, поправки и опремување на НУ Центар за култура Крива Паланка | Општина Крива Паланка | 4.125.460 |
| 3 | Возило за квалитетни услуги на граѓаните | Општина Кратово | 4.397.000 |
| 4 | Чиста околина | Општина Кратово | 1.312.500 |